**Известување за концентрација со која Вит Корн Холдинг Б.В. Амстердам, Холандија ќе стекне контрола над Црвенка Фабрика за шеќер д.о.о. Црвенка, Кула, Србија (предмет бр. 08-98/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 05.06.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која **Вит Корн Холдинг Б.В. (Wheat Corn Holding B.V.)** со регистрирано седиште на Пиетер Бастстраат 6X, 1071 TB Амстердам, Холандија ќе стекне самостојна контрола над друштвото **Црвенка Фабрика за шеќер д.о.о. (Crvenka Fabrika Šećera d.o.o.)** со регистрирано седиште на Масарикова 7, Црвенка, Кула, Србија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Вит Корн Б.В.** е дел од друштвата во МК групата и е холдинг друштво кое е дел од дивизијата на МК групата активна во земјоделскиот сектор. Работењето на друштвата во рамките на МК групата е организирано во неколку деловни дивизии и поддивизии, меѓу другите: (i) земјоделска дивизија која се состои од четири поддивизии, (ii) дивизија активна во областа на хотелиерство и управување со недвижности во Хрватска, Србија, Црна Гора и Словенија која се состои од три поддивизии, (iii) енергетска дивизија, дивизија активна во областа на производство на електрична енергија од обновливи извори (ветер и сонце).

**МК групата** е присутна во Република Северна Македонија преку своето зависно друштво МК Сунтастик ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на булевар Партизански Одреди број 155/1, ЕМБС 7838034. Што се однесува до приходите генерирани од МК групата во Северна Македонија, тие се генерирани преку прекугранична продажба на месни производи, замрзнат зеленчук и шеќер преку друштва со седиште во Србија – ПИК Бечеј, Суноко/Кристал Суноко и Карнекс.

**Црвенка Фабрика за шеќер д.о.о.** е српски производител и снабдувач на шеќер и се состои од фабрика за производство на шеќер која се наоѓа во Црвенка. Црвенка Фабрика за шеќер д.о.о. се занимава со преработка на шеќерна репка во шеќер и трговија на големо со шеќер / производи од шеќер, неговото ортфолио на производи од шеќер вклучува бел шеќер (кристален, прав, коцка) во различни форми на пакување (од индустриско пакување за стотици килограми до малопродажно пакување за стотици грама), кој е наменет за индустриска потрошувачка и потрошувачка од крајните потрошувачи. Црвенка Фабрика за шеќер д.о.о. се занимава и со трговија на големо со нуспроизводи добиени од рафинирање на шеќерна репка, т.е. меласа и пулпа од шеќерна репка.

Црвенка Фабрика за шеќер д.о.о. нема зависни друштва, претставништва или подружници основани во Северна Македонија. Во 2025 година, тоа генерирало многу ограничени приходи од прекугранична продажба на шеќер.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на*

*заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

12.06.2026 година
Скопје